РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Меѓуопштински Центар
за социјална работа
Бр. 03 - 981/1
28.10 20 19 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ



Влада на Република Северна Македонија

- ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – Свети Николе

**Врз основа на член 193 од Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19 и 146/19) и член 33,34 од Статут на Јавна Установа за социјална работа Свети Николе бр.01-663/1 од 24.06.2019 год.Директорот отвори:**

## ЈАВЕН ПОВИК

За формирање на Советот на корисници

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе врз основа на член 33 од Статут на Јавна Установа за социјална работа Свети Николе објавува јавен повик за формирање на совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве општи услови утврдени со член 33 став 2 од Статут на Јавна Установа за социјална работа Свети Николе според кој за член на Совет на корисници може да биде избирано лице:

- корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител / старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудувано со правосилна судска пресуда
- лице на кое не му е одземено родителското право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата лицето односно кандидатот кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуга од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- кратка биографија
- мотивационо писмо
- државјанство


Јавна установа центар за социјална работа Свети Николе
Ул. Вељко Влаховиќ бр.38а Република Северна Македонија
+389 032/443-305
e-mail: jumcsrsvetinikole.com.mk

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена.
Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.
На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот , доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

-предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата

-предлага член на Управниот одбор од редот на своите членови

-дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашања што се од интерес на корисниците и установата.

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловодник за работа на Советот на корисници.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 30 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик(не сметајќи го денот на самото објавување).

Директор
Мелита Стојкова